**1-ви април, 2010 година**

## Рамни пропорционални даноци на доход 2010
## - Од 1 до 25 земји во 16 години

Киргистан (од 2006 г.) 10%
Казахстан (2007 г.) 10%
Македонија (2007 г.) 10%
Монголија (2007 г.) 10%
Албанија (2008 г.) 10%
Бугарија (2008 г.) 10%
Непал (2008 г.) 10%
Србија (2008 г.) 10%
Грузија (2005 г.) 12%
Макао 12%
Белорусија (2009 г.) 12%
Русија (2001 г.) 13%
Хонг Конг (1947 г.) 15%
Украина (2004 г.) 15%
Ирак (2004 г.) 15%
Црна Гора (2007 г.) 15%
Маурициус (2007 г.) 15%
Република Чешка (2008 г.) 15%
Романија (2005 г.) 16%
Словачка (2004 г.) 19%
Џерзи и Гернси (1940 г.) 20%
Естонија (1994 г.) 19% (2011 г.) 18%
Литванија (1994 г.) 24%
Јамајка (1984 г.) 25%
Тринидад и Тобаго 25%

*Зошто рамен данок?*

1. Тие се едноставни и правични
2. Тие промовираат еконосмки раст
3. Тие промовираат даночна конкурентност
4. Тие се неутрални во однос на инфлацијата

*Зошто повеќето се во младите демократии?*
1. Се стремат кон либерални вредности со поголема индивидуална слобода
2. Се стремат да се ослободат од социјалистичките високи даноци
3. Се стремат да ја намалат сивата економија
4. Се стремат да промовираат економски раст и зголемени даночни приходи со пониски даноци (погледнете го рускиот пример)
5. Немаат голем пакет на социјална добросостојба.

## Значаен развој на рамните даноци на доход -од 1 до 25 земји за 16 години

Даноците секогаш ги попречуваат или уништуваат економските активности. Најразорниот данок е данокот на доход. Затоа Светската асоцијација на даночни обврзници се фокусираше на реформирање на овие системи. Во 1993 год., само една земја во светот, Хонг Конг, земјата со најслободната економија, имаше рамен данок на доход. Во 1994 год., трите балтички земји воведоа рамен данок на доход. Првиот во западниот свет. Шест години подоцна, г-дин Март Лаар, Премиерот на Естонија во тоа време, во својот говор на Светската конференција на даночни обврзници во Естонија рече дека треба да се прошири рамниот данок низ светот.

Сите работеа напорно, и денес 25 земји во светот имаат воведено рамни стапки за приватните лица.

Постојат пет добри причини за рамни даноци на доход:

1. Тие се едноставни.

2. Тие се правични.

3. Промовираат економски раст.

4. Неутрални се на инфлација, и

5. Промовираат даночна конкурентност.

Русија воведе рамни стапки во 2001 год., и даночните приходи се зголемија, во просек до 25% во текот на првите четири години.

Пониски даноци-поголем економски раст, повисоки даноци-понизок економски раст.

Рамната стапка е исто така неутрална кон инфлацијата бидејќи како што цените се зголемуваат, нивото на даноците не мора да се промени. Ова е голема политичка и административна предност. Првите земји воведоа рамни стапки од околу 25% од 1994 год., додека следната група, десет години подоцна, ги воведе

со 15-19%. Последната и најголема група од 11 земји воведе најниски стапки во историјата од 10-12% од 2005-2009 година.

Денес најмногу осум земји имаат ниска стапка од 10%. Прва е Киргистан во централна Азија, со 10% во 2006 год. Следната година (2007) Казахстан, Македонија и Монголија воведоа стапки од 10%. Албанија, Бугарија, Србија и Непал следеа во 2008 год. Сите со 10%. Грузија, Макао и Белорусија имаат стапки од 12%.

Сега сме подготвени да одиме на следниот чекор: Од рамна стапка до 0 - Заменете ги даноците на доход со даноци на потрошувачка!

Крајната рамна стапка е 0. Во Азија даноците се пониски и во некои земји данокот на доход е толку мал така што подобро е да се укине отколку да се направи рамен. Таков е случајот со Тајланд, каде данокот на доход е еднаков со пивскиот данок помножен со три или 3% ДДВ. Исто така тоа е можно и во Јапонија и Јужна Кореја. Во таа смисла, не е многу мудро да се воведе рамна стапка и сеуште да се води бирократија на данокот на доход за даночните обврзници, работодавачите, даночната управа или политичкиот систем.

Во Јапонија, целиот данок на доход може да се замени со зголемен ДДВ од 7% - од 5% каков што е денес, до 12%. Доколку сите тие ги заменат сите корпоративни даноци со ДДВ, ќе го зголемат ДДВ-то до 18% - истото ниво во просек како што е во Европа, меѓутоа без данок на доход воопшто. Првиот чекор е да се укине данокот на доход кој има позитивни ефекти врз економијата, повисоко производство и растечка работна сила.

Асоцијациите на даночни обврзници завршија значителна работа за да стигнат онаму каде што се денес. Борбата треба да продолжи за да се укине данокот на доход во целост каде што е тоа возможно. Вашата Светска асоцијација на даночни обврзници е во идеална позиција за да го овозможи тоа.

Рамниот данок е подобар од прогресивниот данок на доход кој го имаме веќе 100 години. Но, следниот чекор е да се заменат сите приватни даноци на доход со даноци на потрошувачка од различен вид, како што налага Резолуцијата од 2001 год. Колку е побезболно за луѓето, толку подобро.